## *Висина на стапка на казнена и договорна камата од 01.01. - 31.12.2025 година*

| Видови договори | | Законска казнена камата во % | | Договорна казнена камата во % | | Договорна камата во % | | Кога не е определена стапката % | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за обврски во денари | за обврски во девизи | за обврски во денари | за обврски во девизи | за обврски во денари | за обврски во девизи | за обврски во денари | за обврски во девизи |
| • трговски договори и договори помеѓу трговци и лица на јавно право | 01.01-30.06 | 15, 55 | 12, 845 | 23, 325 | 19, 2675 | 23, 325 | 19, 2675 | 7, 775 | 6, 4225 |
| | 01.07-31.12 | 15, 35 | 11, 934 | 23, 025 | 17, 901 | 23, 025 | 17, 901 | 7, 675 | 5, 967 |
| • договори во кои барем едното лице не е трговец односно е физичко лице | 01.01-30.06 | 13, 55 | 10, 845 | | | 13, 55 | 10, 845 | 4, 517 | 3, 615 |
| | 01.07-31.12 | 13, 35 | 9, 934 | | | 13, 35 | 9, 934 | 4, 450 | 3, 311 |
| • други видови облигациони односи (причинување штета, работодавство без налог, стекнување без основ, еднострани изјави на волја и други облигациони односи утврдени со посебни закони, како на пр. издршката) | 01.01-30.06 | 13, 55 | 10.845 | | | | | | |
| | 01.07-31.12 | 13, 35 | 9,934 | | | | | | |

**Забелешка:** Како лица на јавното право се сметаат лицата кои се обврзани да постапуваат според постапката за јавни набавки, освен трговците.

## ЗАКОНСКА КАЗНЕНА КАМАТА

Согласно **член 266-а** од Законот за облигациони односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/01...209/24), законската казнена камата се утврдува кога референтната стапка што ја објавува Народна банка на РСМ на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, ќе се зголеми за **10 процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за **8 процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

Согласно објавата на НБРСМ референтната стапка за пресметување на казнена камата изнесува:

- **од 01.01.2025 до 30.06.2025 година 5,55%**

- **од 01.07.2025 до 31.12.2025 година 5,35%.**

Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, казнената камата се определува за секое полугодие во висина на едно-**месечната стапка на Еурибор за евра** што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, **зголемена за 10 процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, **односно зголемена за 8 процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

**Стапката на Еурибор на 31.12.2024 год. е 2,845%, а на 30.06.2025 г. изнесува 1,934 %.**

## ДОГОВОРНА КАЗНЕНА КАМАТА

Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право може да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата што важела на денот на склучување на договорот, но **максимум до 50% повисока од утврдената законска казнена камата.**

## ДОГОВОРНА КАМАТА

Според **член 388** од Законот за облигациони односи, договорната камата во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право се определува договорно, но не повисока од стапката на законската казнена камата од член 266-а зголемена максимум за 50%. Договорната камата во договорите меѓу лица од кои барем едното не е трговец, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута што важела на денот на склучувањето на договорот, односно на денот на промената на каматната стапка, ако е договорена променлива каматна стапка.

## КОГА НЕ Е ОПРЕДЕЛЕНА СТАПКАТА

**Ако плаќањето на камата е договорено, а не е определена нејзината стапка**, во договорите меѓу лицата од кои барем едното не е трговец се применува каматна стапка во висина **од 1/3 од стапката на законската казнена камата** за соодветната валута, а во трговските договори или договорите меѓу трговци и лицата на јавното право се применува каматна стапка во висина **од 1/2 од стапката на законската казнена камата,** за соодветната валута.